**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-544/13
16.4.2026 година
Скопје

Врз основа на член 178, став (3) и член 179 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), условите од Јавниот оглас за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година, објавен во дневните весници „Слободен печат“ на 24.3.2026 година, „Коха“ на 24.3.2026 година и на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и пристигнатите пријави со приложени документи, Универзитетската изборна комисија на 4. седница одржана на 16.4.2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на КОНЕЧНА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година**

**Член 1**

Се утврдува Конечна листа на кандидати за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година:

(*по азбучен ред на презимето на кандидатот*)

1. **Ангелова д-р Биљана,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје;
2. **Данев д-р Дарко,** редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето.

**Образложение**

Универзитетската изборна комисија со Решение за утврдување на Листа на кандидати за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-544/9 од 8.4.2026 година, ја утврди листата на кандидати за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година. Во рокот утврден за поднесување приговори по наведеното решение, не е поднесен ниту еден приговор. Имајќи го предвид наведеното, Универзитетската изборна комисија одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Dimitar Gelev

Digitally signed by Dimitar Gelev
Date: 2026.04.21 12:20:19 +02'00'

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**
**Проф. д-р Димитар Гелев**

***Правна поука:*** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на Решението.